Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
MINISTRIA E MBROJTJES
Бр.-Nr. 01- 7660/1
09-11-2022 20
Скопје-Shkup

Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 110/19), а во врска со член 158 од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15, 193/15, 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19, 14/20 и 171/22), министерката за одбрана донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ВИСИНАТА НА ДОДАТОКОТ НА ПЛАТА ЗА ВРШЕЊЕ НА СПЕЦИФИЧНА ВОЕНА СЛУЖБА НА ВОЕНИОТ И ЦИВИЛНИОТ ПЕРСОНАЛ КОЈ ИЗВРШУВА ДОЛЖНОСТИ ВО ВЕТЕРИНАРНАТА СЛУЖБА ВО АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Правилникот за висината на додатокот на плата за вршење на специфична воена служба на воениот и цивилниот персонал кој извршува должности во ветеринарната служба во Армијата на Република Северна Македонија Бр. 01-3051/1 од 22.06.2020 година и Бр. 01-3051/2 од 14.09.2020 година, во член 2 ставот 1, се менува и гласи:

„Висината на додатокот на плата од член 1 од овој правилник, за дипломиран ветеринар во Генералштабот на Армијата, изнесува 200 бодови.“.

Член 2

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.______________
______________2022
Скопје

Министерка за одбрана
Славјанка Петровска

Изработил/Контролирал: Емилија Ралева
Одобрил: Милан Андоновски
Согласен: Владимир Анчев